# ИНТРАК

## Меѓурелигиска соработка во Македонија 2003-2004

Пилот Програма на МЦМС

Македонски центар за меѓународна соработка

## ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## ОД НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА

ноември, 2004

John Beauclerk - Неда Малеска-Сачмароска - Милан Ѓорѓевиќ
ИНТРАК
Поштенски фах 563
Oksford OX2 6RZ
Велика Британија
Тел +44 (0) 1865 201851
Факс+44 (0) 1865 201852
Веб-страна: http://www.intrac.org

ИНТРАК е компанија
со ограничена одговорност под гаранција бр. 2663769
и регистрирана добротворна организација бр: 1015860

# Содржина


Резиме 3

1. Цел на Евалуацијата 5

2. Методологија 5

3. Преглед на излезни продукти

Изложување 6
- Излезни Продукти 6
- Излезни Резултати 8
- Прашања кои произлегуваат 8
- Препораки 8

Градење на Капацитети 9
- Излезни Продукти 9
- Излезни Резултати 10
- Прашања кои произлегуваат 10
- Препораки 11

Информирање 12
- Излезни Продукти 12
- Излезни Резултати 12
- Прашања кои произлегуваат 13
- Препораки 13

4. Преглед на Методи 13

Комуникација на Пониско Ниво 13
- Препораки 14

Многу Проектни Активности 14
- Препораки 14

Учество преку Управувачките тела 15
- Препораки 16

5. Оценка на Резултатите 16

6. Заклучоци 16

<u>Прилози</u>
- i. Опис на Надлежности
- ii. Листа на интервјуирани лица
- iii. Денови на Верските Заедници: Прашалник за посетителите
- iv. Табели: Анализа на Активностите и Резултатите

Резиме

Целта на програмата е подобрување на меѓусебната доверба и разбирањето помеѓу различните верски и етнички групи. Програмата направи значаен чекор во овој правец, со свртување на фокусот кон доста важни, но често занемарени целни групи: студентите по теологија кои во иднина ќе бидат свештенство, активисти и членови на верските заедници кои ќе го формираат мислењето во иднина и верскиот и академски кадар кој што работи на нивното обучување. Стекнувањето на доверба кај факултетите и кај овие млади луѓе е најгоголемо достигнување кое треба да се надогради и консолидира.

Најважниот резултат од програмата е дека на систематски начин го претстави дијалогот во рамките на високите институции на двете најголеми верски заедници во Македонија. Се покажа дека постои добра волја која може да послужи како добра основа врз која ќе се надоградат повисоки амбиции на толеранција и соживот. Програмата овозможува активности околу кои добрата волја може да се демонстрира и да расте. Понатаму е овозможен форум (седници на Управувачката група и Издавачкиот совет), каде претставниците од петте верски заедници можат редовно да се сретнуваат за да прават планови и да спроведуваат заеднички активности. Со овој форум се поставува важен преседан на верска соработка во Македонија и регионот.

Прерано е да се зборува за оддржливоста на новите структури воспоставени на факултетите. Тие ќе треба да бидат внимателно оддржувани, како од верските заедници така и од МЦМС.

За вака краток пилот период, беа предвидени премногу активности, посебно ако се земе во предвид потребата да се воспоставуви нова инфраструктура (на пример, отворениот Инфо Центар и проект офицерите на двата факултети). Како резултат на ова, не можеа да се имплементираат сите планирани активности, а само 10 се реализирани со потешкотии. Сепак, проектот успеа да собере добро искуство со оглед на практичните компликации при координирањето на меѓу-верскиот дијалог и би требало да биде возможно да се имлементира редуцираното и изменетото портфолио на проекти во 2005 година.

Нема доволно податоци дали програмата веќе има некаков ефект врз поширoката целна група, членовите и активистите на верските заедници во Македонија. Многу е веројатно дека ова би било премногу амбициозно во рамките на програмата, што наведува на мислење дека во втората фаза треба да се постават приоритети и да се има во предвид дека дофатот до поширока целна група претставува долгорочен предизвик.

Програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија самата по себе е заснована на принципот дека пониските нивоа, а не верските лидери се поефективни во развивањето на меѓу-верски и меѓу-етнички дијалог. Новата лекција што произлезе со имплементацијата на програмата е во врска со потребата од јасна прецизираност и реалистичност при завртувањето на фокусот кон пониските слоеви. Програмата подобро функционира кога е потесно фокусирана на одредена целна група: во овој случај факултетите.

Ѓаконија и социјално-хуманитарната работа на верските заедници е важен субјект во меѓу-верското разбирање. Но, има сопствени нивоа и структури, за кои е потребен нивен фокус и систематско внимание. Со сегашната програма не може да им се обрне нужното внимание, но може да го подготви патот за нивниот понатамошен развој, со на пример, поттикнување на подобрен менаџмент во верските организации.

**Препораки**

- Да се рационализира и регрупира портфолиото на продукти во интерес на полесна имплементација, да се намали бројот на активности каде е тоа потребно.

- Да се поделат одговорностите соодветно помеѓу МЦМС и факултетите, на пример, факултетите да ги раководат активностите во врска со Информирањето и Изложувањето, а МЦМС Градењето на капацитети.

- Да се работи на надоградување врз темелите за меѓу-верски дијалог поставени со досегашните активности за изложување и да се поттикнуваат факултетите да институционализираат различни форми на размена.

- Да се редефинира форматот на Деновите на верските заедници, осигурувајќи дека главната порака е поголемо разбирање помеѓу религиите во Македонија и средствата за тоа да се постигне.

- Да се расветли примарната цел и примарната целна група за градење на капацитети и да се прилагодат инструментите.

- Да се искористат подобро студентите во факултетите (Соработниците на проекти) и младите девојки кои се вработени во Инфо Центарот преку, на пример, обезбедување на мали грантови за меѓу-верски теми и настани од страна на заинтересирани млади луѓе од факултетие и надвор од нив.

- Да се настојува да се воспостави и оддржува колегијалнион однос помеѓу Соработниците на проекти од МЦМС и Соработниците на проекти од Факултетите, со меѓусебна почит и разбирање за културата на нивната организација.

- Управувачкиот комитет треба да разгледува начините на вклучување на претставиците од помалите религиозни групи во програмата без да се создаде премногу големо тело. Алтернативното членство на суб-групите може да овозможи пошироко учество, на пример во подготовките на новиот закон за верски заедници.

- Да се покрене дискусија за можните нови структури и продукти што ќе го земаат во предвид ентузијазмот на младите луѓе, посебно за ѓаконска работа.

- Постои потреба за континуирана интермедијаторска улога на МЦМС во раководењето со програмата, но МЦМС треба да преземе соодветни чекори за унапредување на капацитетите и оспособување на Управувачката група.

- Управувачката група треба повторно да направи оценка на излезните резултати од програмата и да изгради стратешки цели за зајакнување на меѓу-верската соработка и разбирање во среднорочен и долгорочен период.

- Раководството на верските организации треба да биде зајакнато зашто во среднорочна перспектива треба да се овозможи непречена транзиција на раководството на програмата.

## 1. Цел на Евалуацијата

Генералната цел на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија е да се зголеми меѓусебното разбирање помеѓу верските заедници и разбирањето за нив од страна на македонската јавност воопшто. Ова се очекува да доведе до подобрени меѓу-етнички односи.

Програмата започна во април 2003, но беше одложена до октомври кога МЦМС го назначи својот проект офицер. На крајот на 2004, МЦМС ангажираше три евалуатори за да спроведат оценка на пилот програмата, што траеше 2 години. Целта на МЦМС беше со оценката да се идентификуваат научените лекции во текот на програмата, што се покажало дека било добро, а што се покажало како проблематично. Идејата беше знаењето да се насочи кон надградба на успешните аспекти, а поправање на слабостите. Описот на надлежности на МЦМС (види Прилог 1), се побарани препораки кои можат да бидат ставени во пракса во втората фаза.

Во однос на евалуацијата, главните прашања кои треба да бидат адресирани се однесуваат на излезните продукти; методологијата за нивно достигнување; и резултатите од програмата.

Излезните продукти се состојат од 17 активности (понекогаш МЦМС ги нарекува “палета на продукти”) во рамките на трите целни активности Изложување, Информирање и Капацитети. Методологијата се однесува на раководните и управните структури за нивната имплементација, со посебно внимание на двете управувачки тела што ги претставуваат петте најголеми верски заедници. Во однос на програмските резултати, се очекуваше евалуацијата да ги истражува сите директни и видливи ефекти, развиените капацитети или индикации за оддржливост.

## 2. Методологија

2.1 Евалуацијата се спроведе во текот на првата недела на декември за да се поклопи со македонскиот НВО Саем и Деновите на верските заедници кои беа оддржани пред саемот. Спроведувањето на евалуацијата во исто време со овие големи јавни настани имаше свои предности и недостатоци. Позитивно беше тоа што со овој настан верските заедници и нивните организации имаа можност да демонстрираат колку далеку стигнале во нивната соработката. Помалку позитивен аспект во однос на евалуацијата беше тоа што вработените во МЦМС и партнерите беа целосно ангажирани во настаните, па така шансите за детални интервјуа беа мали.

2.2 Во согласност со добрата пракса воспоставена од МЦМС, членовите на тимот за евалуација беа и од дома и од странство. Странскиот “аутсајдер” беше од ИНТРАК, додека еквивалентниот член од Македонија беше дипломец од Теолошкиот факултет. Внатерешниот член беше од МЦМС, претставник од секторот за обука, одговорен за родови прашања.

2.3 Иако времето беше кратко, тимот успеа да спроведе доволно интервјуа за да идентификува доста суштински прашања кои имаат влијание на функционирањето на програмата. Тимот ги истражуваше овие прашања подетално преку индивидуални интервјуа, чии резултати беа повратно доставени на тимот на почетокот. Тимот исто така направи две посети: една на Богословскиот факултет и другата во Инфо Центарот. За жал, не беше можно да се направи посета на Факултетот за Исламски науки поради лошото здравје на Деканот.

2.4 На 4 декември 2004, тимот ги презентираше првичните заклучоци пред претставникот од МЦМС во Управувачката група на програмата и пред претставник од донаторите,

Норвешката Црковна Помош. Конечниот извештај беше подготвен врз основа на коментарите и забелешките направени во текот на оваа дискусија, како и понатамошните размисли и анализи.

## 3. Преглед на Излезните Продукти

Во овој дел е дадена оценка на целите и активностите на МЦМС и нејзините партнери во редоследот во кој се дадени во оригиналниот програмски документ. Понатамошни детали од имплементацијата на активностите може да се најде во табелата: "Анализа на активностите и резултатите" (види Прилог III). Овде ги презентираме заклучоците на тимот и прашањата што произлегуваат од нив.

**Изложување**

Очекуваниот резултат од овој излезен продукт е: размена на искуство и меѓу-верски дијалог, преку едукативен пристап.

3.1.1 Основната претпоставка во однос на овој излезен продукт е дека моралниот авторитет на верските заедници во Македонија им дава централна улога во спречувањето на меѓу-етничките конфликти. Иако етничката припадност и верата одат рака под рака за поголемиот дел од населението, верските заедници и нивните лидери во принцип покажаа дека се на страната на толеранцијата и воздржувањето. Ова е невообичаено за поранешна Југославија, каде политичарите често ја користеа религијата за националистички цели.

3.1.2 Ова секако не значи дека во Македонија нема стереотипи помеѓу верските заедници. МЦМС верува дека непознавањето на религијата и културата на другиот означува изгубена можност за подобрени односи. Според тоа, програмата започнува со систематско градење на верското разбирање помеѓу верските заедници. Ова пред се́ – но не единствено – се однесува на Православната и Муслиманската верска заедница кои покриваат 98% од верниците во државата[1].

3.1.3 За таа цел, програмата ја пренесува теоријата во пракса преку 6 активности кои се насочени на учениците, студентите и професорите од Православните и Муслиманските средни училишта и Теолошките факултети. Програмата внимателно дава објаснување за нив како "релативно едноставни" интервенции, што не се задолжително иновативни сами по себе, но програмата ги адресира за прв пат на логичен и конзистентен начин. Активностите вклучуваат размена на предавачи и студенти помеѓу образовните естаблишменти; посети на верски објекти и служби; летен камп; интернационална посета на позитивен пример; и Денови на верските заедници.

***Излезни Продукти***

3.1.4 Судејќи според прашаниците за мониторинг, активностите со размена беа посебно добро примени од страна на целните групи. Предавачите високо ја оценија можноста да соработуваат со своите аналогни претставници од другата верска заедница, исто така и студентите ја поздравија можноста да бидат подучувани за друга вера од експерти. Размената на предавања започна помеѓу Богословскиот факултет и Факултетот за Исламски науки. Раниот успех даде подем во проширувањето на активноста, па така претставник од Еврејската верска заедница беше поканет да одржи предавање на Богословскиот факултет. Кон крајот на 2004, Факултетот за Исламски науки ќе биде домаќин на предавач од Еврејската верска заедница.

[1] Од 2,022,547 верници, 64.78% се Православни, 33.33% се Муслимани, а останатите 38,348 се приклонуваат на останатите вероисповести. Извор: МЦМС Адресар на верските заедници, ноември 2004.

**Избрани одговори од учесниците на активностите на Изложување**

Овој тип на соработка е корисен за градење на доверба во овие транзициони времиња… За приближување на позициите по исти прашања и за градење на толеранција помеѓу верските заедници… Нашата заедничка работа треба да започне пред сé со дијалог, затоа што дијалогот е највообичаената мотивација… Воспоставувањето на пријателски односи е првиот чекор, потоа доаѓа работата… Мора да се научи дека заедничкиот живот е неизбежен, без разлика дали верите се различни…

**Посети на верски објекти и служби**

Пред посетата имав трема, (но)...фактот дека научив повеќе за религијата и културата на другите луѓе го збогатува мојот културен и духовен живот…. Исто така помага да ги зближи луѓето и да го подигне нивото на разбирање и комуникација…Особено е корисно за нашата земја, зашто ние треба подобро да се запознаеме за да можеме да сепочитуваме и да живееме заедно…

**Посета на Теолошки училишта**

Јас мислам дека обидите на двете спротивставени религии да најдат заедничка основа се многу охрабрувачки … Можеби на некој начин омразата помеѓу Македонците и Албанците се опушти и научивме нешто повеќе за нивните закони…Ниеден Христијанин не би отишол на Факултетот за исламски студии или Исламското средно училиште ако не беа посетите од овој тип…Тие би продолжиле да мислат исто за нив… Двете училишта треба да соработуваат, затоа што би можеле да научиме многу еден од друг, со тоа да станеме свесни дека можеме да бидеме пријатели, а не непријатели…. Со помош на нашето пријателство, мулти-етничките односи ќе се подобрат, така омразата помеѓу Македонците и Албанците ќе престане да постои … Не само ние студентите, туку секој граѓанин треба да ги посети училиштата и сите заедно би можеле да ја градиме земјата без меѓу-етничка омраза…

**Летен камп**

Летниот камп беше вистинскиот начин за приближување на луѓето од различни религии… Беше многу добро, со високо ниво на меѓусебно разбирање и почит. (Сепак…) ние сéуште ја задржуваме својата позиција од која ги напаѓаме луѓето што припаѓаат на друга верска исповест преку разни под-прашања … Со искуството стекнато на овој летен камп, јас би можел/а да помагам во менување на менталитетот и елминирање на фанатизмот …Со ова би можело да се помогне во промена на размислувањето присутно во овие региони со години, зашто вероисповеста е причина за конфликти на Балканот … Во иднина јас би го задржал истиот начин на работа, би работел на промоција најпрвин во регионот, а потоа пошироко …

3.1.5 Иако вработените во МЦМС се прашуваа како ќе се остварат посетите на верски објекти и служби, во исто време овие активности беа високо вреднувани. Учесниците на летниот камп во Струга го пофалија комбинираното учење (преку визитинг предавачи) и ретката можност за склопување на пријателства со луѓе од различна вероисповест.

3.1.6 Петтата активност, планирана посета на позитивен пример за поврзување на религиите, беше одложена за 2005 – а беше донесена одлука да се оствари посета на Северна Ирска.

3.1.7 Со организирањето на Деновите на верските заедници се комплетира циклусот на меѓу-верски активности во рамките на пилот програмата. Настанот се случи пред НВО Саемот, македонскиот годишен собир на граѓанските организации. Целосниот ефект од овој настан – за што беше потребно многу планирање – беше намален поради повлекувањето на претставниците од Македонската Православна црква. Напуштањето на

церемонијата беше во знак на протест поради присуството на непоканетите шизматици, со кои хиерархијата е во конфликт.

***Излезни Резултати***

3.1.8 Активното учество на Деканите беше гаранција дека иницијативите ќе бидат успешни. Постепеното проширување на размената на предавања на петте најголеми верска заедници е позитивен знак за прифаќање на иницијативата. Понатаму, преку активностите за изложување програмата демонстрираше релевантност и ефективност во идентификувањето на прифатлив момент за почеток на меѓу-верскиот дијалог.

3.1.9 Главните корисници на предавањата од програмата се студентите на компаративни религии, кои можат директно да учат од практиционери на верите за кои тие учат. Одлуката на Православниот Богословски факултет да отвори студии по компаративни религии е исто така охрабрувачки знак на отвореност кон другите.

3.1.10 Евалуаторите смеатаа дека освен некои задоцнувања во имплементацијата (за причините види во дел 3.2, Градење на капацитети, подолу) балансот на активностите за изложување е во најголем дел позитивен. Многу од учесниците ќе се согласат со поранешниот Декан на Богословскиот факултет дека овие активности на "кршење на мразот" беа неопходни за утврдување на начините и средствата за дијалог. Како што ќе се види во наредниот дел за методологијата и управувачките структури (дел 4), МЦМС треба да ги охрабрува факултетите да покажат поголема иницијатива во институционализирањето на активностите.

***Прашања кои произлегуваат***

3.1.11 Деновите на верските заедници понудија одлична можност во целата земја да се демонстрира волјата и спремноста на големите и малите верски заедници да споделуваат заеднички простор. Медиумите не го експлоатираа конфликтот кој се создаде на настанот во рамките на Православната црква. Меѓу-верските Управувачки структури излегоа зајакнати од скандалот кој засегна една од нејзините членки. Евалуаторите немаат јасна алтернатива кога станува збор за оваа активност, меѓутоа имајќи го во предвид драматичниот инцидент би било добро да се размисли за одредена пре-формулација, поради следниве причини:

- Различно место и време ќе ја нагласат одделеноста на верските заедници и нивните институции од другите институции и организации на граѓанското општество;
- Настан, организиран како сегашниот, може да изложи поодделни верски заедници на несакан публицитет поради внатрешните несогласувања;
- Самата програма за Меѓурелигиска соработка е подложна на такви проблеми па нема контрола врз таквата ситуација;
- Многу поголемиот број на посетители го прави учеството во главниот НВО Форум поатрактивен за помалите верски заедници;
- Делумна причина поради која треба да се размисли за пре-формулирање е тоа што верските заедници го користат настанот за да ја покажат својата вера наместо својата подготвеност за меѓусебна соработка;
- Некои официјални лица од верските заедници се загрижени дека учеството во таквите скапи настани би можело да ги отуѓи од посиромашниот дел на нивното членство.

**Препораки**

- Да се надоградува на темелите за меѓу-верски дијалог поставени со досегашните активности за изложување и да се охрабруваат факултетите да ги институционализираат различните форми на размена.

- Да се редефинира форматот на Деновите на верските заедници, при тоа да се гарантира дека главната порака е поголемо разбирање помеѓу религиите во Македонија и начините за негово постигнување

## Градење на капацитети

Очекуваниот резултат од овој излезен продукт е: зајакнати капацитети за ѓаконски и социјално-хуманитарни услуги.

3.2.1 Целта на програмата беше да се подобри раководството на верските институции што со своите социјални услуги достигаат до јавноста најмногу преку членството на локално ниво. Во Македонија е општо прифатено, исто како во поширокиот регион, дека капацитетите на верските организации тежнеат да бидат послаби во споредба со другите области во граѓанското општество. Во интерес на достигнување на општиот стандард на организациските капацитети, програмата подготви 6 (шест) активности: техничка поддршка, обука во меѓу-верскиот дијалог, менаџерска обука, обука за основни вештини, студиски патувања и работилници и семинари.

### *Излезни Продукти*

3.2.2 Во однос на техничката поддршка, беше предвидено секој факултет да избере и назначи Соработник на проекти. Со двата Соработника на проекти во МЦМС и двајцата Соработника од факултетите (и двајцата поранешни студенти по Теологија) презедоа одговорност за имплементирање на сите програмски активности. На секој факултет беа опремени посебни канцеларии со намештај и компјутери, иако со телефонската и интернет конекцијата во двата случаи имаше проблеми. Дистрибуицијата на мал фонд од 10 компјутери на локални црковни организации преку повик за понуди беше одложена.

3.2.3 На обуката за меѓу-верски дијалог беа присутни високи претставници од Данскиот Христијанско-Муслимански Центар за сесија со специјалисти од секој факултет. Иако добро покриена од медиумите, во евалуациониот извештај се вели дека оваа иницијатива била слабо посетена од факултетите и не била перцепирана како многу релевантна во однос на животната состојба во Македонија. Планираниот 3 дневен семинар за историските крстосници помеѓу христијанството и исламот не се оддржа.

3.2.4 Обуката за раководење беше поделена во две сесии. Првата, за 17 учесници од Крушево, беше за Раководењето со проектен циклус. Курсот беше популарен затоа што ги оспособи учесниците да подготвуваат предог проекти. Втората обука беше обуката за Институционален развој и организациско јакнење (ИР/ОЈ). Меѓутоа, Соработниците на поекти информираа дека само 3 учесници успеале да состават стратешки план за нивните организации во текот на курсот.

3.2.5 Целта на “Обуката за основни вештини” беше да им овозможи на 60 студенти од двата факултети подучување во англиски јазик и компјутери. За таа цел беа формирани мешани групи на студенти од теолошкитете факултети и активисти од верските заедници, кои во моментов го завршуваат вториот семестар. Двата Соработници на проекти следат напреден курс по компјутери во рамките на оваа активност, за да можат да преземат одговорност за подготовка на Билтенот (види 3.3 подолу, Информации).

3.2.6 Како дел од студиските патувања, предавачка по компаративна религија и еден ѓакон од Православната црква следеа тримесечен курс во Тантур, Ерусалим. Истата предавачка потоа го посети WCC колеџот во Босеј, Швајцарија, овој пат и дипломец од Богославскиот факултет учествуваше на посетата. Други двајца кандидати од Православната црква моментално се подготвуваат да одат на курс во Тантур.

3.2.7 Што се однесува до работилниците и семинарите беше одржана една работилница која се однесуваше на Реформите на верското образование во рамките на ИВЗ, а во рамките на Деновите беше оддржана една работилница на тема Македонскиот закон за верски заедници – како јавна дебата. Овие активности претставуваат доста низок излезен продукт во споредба со првичните планови што предвидуваа редовни настани за соработка од овој вид.

***Излезни резултати***

3.2.8 Иако програмата е цврсто насочена кон градење на капацитети на три нивоа, сепак не е лесно да се оценуваат излезните резултати од обуките. На пример, сосема е јасно дека курсевите за основни вештини се соодветни за подготовка на активистите во верските заедници за понапредни менаџерски и организациски обуки во понатамошните стадиуми, но дали студентите од факултетите (со пристап до универзитетско образование) се соодветен избор? Исто така, се чини дека се појавува дуплирање – во најмала рака, со слична програма спроведувана од Православната ѓаконија. Се појавува сомнеж дали вистиските кандидати ја следеа напредната обука за стратешко планирање. Во принцип, се чини дека Соработниците на проекти се соочија со потешкотии во идентификувањето на кандидати за обука.

3.2.9 Ентузијазмот што се појавува за компаративни религиски студии на факултетите е добредојден и одлуката спомената порано да се отворат студии на Богословскиот факултет е позитивна. Студиските патувања во Тантур и Босеј ќе направат значителен придонес кон квалитетот на излезните резултати. Од друга страна, се чини дека обуките во рамките на меѓу-верскиот дијалог имаат слаб позитивен ефект, исто така и работилниците и семинарите беа малку искористени.

3.2.10 Иако попречувана со комуникациски проблеми од различни видови, работната позиција на Соработникот на проекти се чини дека добро функционира, иако во рамките на одредени структурни ограничувања. Сите четири кандидати (2 Муслимани и 2 Христијани) имаат доста знаење, се добро обучени и добро интегрирани во нивните организации. Подобрата тимска работа помеѓу нив ќе придонесе за подобрување на нивната ефективност, исто како што ќе придонесат појасните врски помеѓу нив и нивните ѓаконско и социо-хуманитарни услуги.

***Прашања кои произлегуваат***

3.2.11 Инструментот за градење на капацитети ги комбинира програмската техничка поддршка, личните вештини и менаџерската обука од една страна со теми поврзани со религијата (меѓу-верски дијалог, студиски патувања и јавни дебати) од друга страна. Со ова донекаде се предизвикува конфузија во рамките на самиот инструмент во однос на целта, целната група и средствата за имплементација.

3.1.12 Во однос на целта, не е јасно дали приоритетот е теолошки, во тој случај релевантните активности можеби би припаѓале посоодветно во инструментите за изложување; или дали приоритетот е ѓаконски и социо-хуманитарен, како што е наведено во целта. Во овој втор случај, се покренуваат прашања за изведливоста и локацијата. Дали е можно да се оствари широка програма за градење на капацитети на верски организации во рамките на програмата од оваа природа? Дали факултетите се најдобрите места од кои треба да се раководи таквото развојно градење на капацитети? Тие не секогаш имаат контакти и може да се случи да ги дуплираат другите ѓаконски услуги. На пример, Архиепископијата ја надгледува ѓаконијата и социо-хуманитарната работа. Во случајот со Исламската верска заедница, ѓаконската работа беше раководена од Ел Хилал, додека не се оддели како посебна НВО.

3.2.13 Во однос на целната група не е сосема јасно кои групи се приоритетни за градење на капацитети во ѓаконската и социо-хуманитарната работа: студентите по теологија, или членови и активисти на верските заедници[2]. Овде се поставува прашање дали инструментот за градење на капацитети може ефективно да ги адресира и двете групи. Нема да биде надвор од програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија ако се адресираат студентите по теологија, посебно затоа што факултетите имаат назначено Соработници на проекти кои се веќе на место. Меѓутоа за долгорочна оддржливост, факултетите ќе треба да размислат за вклучување на ѓаконски и социо-хуманитарни субјекти во склоп на наставниот план на факултетот. Во моментов ова воопшто не е ставено дури ни под дискусија.

3.2.14 Притисоците да се заврти фокусот на поширока целна група се појавуваат делумно поради потребите на помалите верски заедници. Овде исто така постои голема потреба за градење на капацитети во областа на ѓаконската и социо-хуманитарната работа, што во голем дел останува во склопот на добротворни активности. Во рамките на програмата се поставува прашањето дали факултетите имаат одговорност да се концентрираат на оваа потреба, или дали тие се подготвени за тоа.

3.2.15 Прашањето за фер поделба на програмските бенефиции за сите верски групи се поставува во однос на начинот на кој Православната црква е ексклузивен корисник на студиските патувања. Ова се објаснува со особената изолираност на најголемата од црквите во Македонија, како последица од непризнавањето на автокефалноста од страна на Српската Православна црква. Иако е сосема точно дека останатите верски заедници се во позиција да добијат поголема меѓународната помош, важно е тоа што програмата се перцепира како рамномерна во дистрибуцијата на бенефитот – посебно имајќи ја во предвид доминацијата (во смисла на големина) на двете најголеми верски заедници во земјата.

***Препораки***

Да се разјаснат примарните цели на инструментот за градење на капацитети.
- Ако станува збор за ѓаконска и социо-хуманитарна работа тогаш да се размисли за поделба на ѓаконските и социо-хуманитарните аспекти на градењето на капацитети од теолошките и меѓу-верски аспекти, при што вториве ([3]) се приклучуваат на излезните продукти од Изложувањето

Да се разјасни примарната целна група на инструментот за градење на капацитети:
- Доколку станува збор за студенти по теологија, тогаш размислете за подготвување на специфични обуки за студентите и размени помеѓу факултетите на ѓаконска или социо-хуманитарна работа
- Доколку станува збор за членови и активисти на верските заедници, тогаш треба да се размисли дали е изводливо Соработниците на проекти на факултетите да ја адресираат оваа целна група под сегашните институционални механизми.

Да се прилагодат продуктите за градење на капацитети на одлуките постигнати во опциите дадени понапред, имајќи ги во предвид следниве специфични препораки:
- Да се разгледа можноста за завршување на тренинг продуктите за меѓу-верски дијалог се додека факултетите не развијат свои сопствени наставни материјали од оваа област (во кој случај може да биде потребна и техничката поддршка).

[2] Види за пример доста амбициозната изјава во Билтен бр.1: “Реалната целна група е составена од членови и активисти од сите верски заедници во Македонија, со фокус на студентите од образовните (теолошки) институции како директни корисници”.
[3] Б2 Меѓу-верски Дијалог Обука (ако треба воопшто да се зачува); Б5 Студиски Патувања; и Б6 Работилници и Семинари

- Да се оцени нивото на повторување на обуките за основни вештини и да се расветли одговорноста за тоа како дошло до тоа.
- Да се заменат РПЦ продуктите со субвенција за членовите на верските организации во редовниот план за обучување на МЦМС и осигурајте се дека релевантните организации се запознаени со можноста да го добијат.
- Да се дизајнира ИР/ОЈ продукт според специфичните потреби на постарите стратези во верските организации, на пример оние што се ангажирани во Управувачки тела.

**Информирање**

Очекуваниот резултат од овој излезен продукт е: подобрена достапност на информации за верските заедници во јавноста.

***Излезни продукти***

3.3.1 Овој инструмент вклучува вкупно 5 продукти – од кои сите, со исклучок на еден, не вклучуваат публикации. Тие се билтен, адресар, верски календари и компаративни студии. Исклучок е центарот што доби работен кадар што дава информации директно на јавноста.

3.3.2 Билтен. Со тираж од 500 копии и 300 копии на албански јазик за секој број, ова е главното средство за доставување на информации за програмските активности до верските заедници, нивните членови и активисти. Во принцип, статиите во билтенот ги подготвуваат студенти по теологија. Добро е уреден и детално се фокусира на прашања во врска со дијалогот помеѓу различните религии. МЦМС ги подготви првите четири броеви, а петтиот ќе биде заеднички подготвен од страна на Соработниците на проекти од факултетите. Првичната проценка од 10 броеви во првите две години беше премногу оптимистичка.

3.3.3 Адресар. Ова претставува иновација во сферата на верските заедници и го рефлектира искуството и експертизата на МЦМС при подготовката на НВО Адресарот за Македонија. Со ова на јавноста во Македонија за прв пат ќе ѝ бидат презентирани податоци и контакт информации за верските заедници и групи во земјата.

3.3.4 Верски календари. Задачата за подготовка на календари со сите празници и свети денови во религиите беше предизвик за МЦМС, зашто беше уште една иновација. Сега кога помина пилот варијантата, ќе биде полесно да се репродуцира во наредните години.

3.3.5 Компаративни Студии. Овој продукт беше целосно искористен, и тоа не само од најголемите верски заедници. Серијата од 3 публикации вклучуваа историја на Евангелско-методистичката црква, Вовед во Јудаизмот, Студија за 10-те Божји заповеди од Православната црква. Исламски и Католички текстови, се планираат да бидат печатени во 2005.

3.3.6 Информирање и Дијалог Центар. Библиотеката и Центарот за информирање имаат седиште во центарот на Скопје и вработените во него се со пола работно време, а имаше и волонтери од факултетите. Во моментов сите се девојки. Од вработените, има еден дипломиран од Богословскиот факултет и еден од Исламскиот факултет. Понатаму, има уште 5 млади кои се ангажирани по еден ден неделно, секој од нив. Тие ги претставуваат петте религии – Католичката, Евангелистичко-методистичката, Еврејската, Исламската и Православната.

***Излезни Резултати***

3.3.7 Програмските издавачки активности се покажаа како посебно популарни кај студентите од факултетите, кои слободно пишуваат за нивниот Билтен и се очекува да продолжат со тоа кога публикацијата ќе биде уредувана заеднички од двата факултети.

На предавачите им е многу драго што се појавува можност нивните трудови да бидат публикувани. За прв пат исто така, и другите религии се вклучени во публикацијата, придонесувајќи донекаде во балансирањето на дистрибуцијата на бенефитите.

3.3.8 За жал, прашалниците што беа вклучени во Билтенот генерираа низок одѕив, па затоа не е можно да се оцени колкаво е влијанието врз секојдневниот живот видено од локалните култури и религии. Контактите со индивидуалните цркввии и верски заедници надвор од Скопје се премногу слаби за да дадат некои цврсти индикации за излезните резултати.

3.3.9 МЦМС и двата факултети вложија многу напори за да започне со работа Информативниот центар. Има потенцијал да ја привлече јавноста и позитивно да влијае, но за да го достигне тоа ќе бидат потребни уште многу ресурси и труд.

***Прашања кои произлегуваат***

3.3.10 Младите луѓе играат значајна улога, и како набавувачи и како конзумери на информации. Проектот треба поефективно да го употреби ентузијазмот на младите луѓе, зашто нивните меѓусебни односи, меѓусебното разбирање и заеднички иницијативи ќе и дадат на програмата оддржливост.

***Препораки***

Подобро да се искористат студентите на факултетските центри и младите жени кои работат во Инфо-центарот, со на пример, обезбедување на мали грантови за меѓу-верски теми и настани од страна на заинтересираните млади луѓе од самите факултети или надвор од нив.

## 4. Преглед на методи

Програмата се користеше со три главни методи за да ја постигне својата цел во меѓурелигиската соработка. Тие се засновани на искуството на МЦМС во врска со тоа што може да профункционира во Македонија. Тие од своја страна комуницираат на пониско ниво од вообичаените обиди за дијалог преку највисокото свештенство; преземаат многу пилот активности со фокус на успехот во иднина; и промоција на сопственииштвото од страна на различните учесници преку нивната активна вклученост во програмските структури што донесуваат одлуки.

***Комуникација на пониско ниво***

4.1.1 МЦМС, во оваа програма, добро ги примени научените лекции од претходните обиди да посредува во меѓу-верски дијалог за време на кризата во 2001, кога на верските лидери им требаа неколку месеци да се согласат околу објавување на заедничка изјава против етничкото насилство. Наместо тоа, МЦМС подготви програма што ќе работи на помалку политичко ниво. Беше направен избор да се работи со образовните установи и нивниот кадар, самите верски објекти и верските лица што работат во нив, и дури комплетно нови структури, како што е Инфо Центарот со својот студентски работен кадар со пола работно време.

4.1.2 Генерално, оваа стратегија донесе плод. При селектирањето на образовниот систем, добро се постапи што беа земени во предвид евентуалните ризици и бенефити, во случај да нема некои поголеми несогласувања. Дијалогот, на ова ниво, е добро заснован и работата на воспоставување на оддржливи механизми на размена и разбирање може да започнат, барем помеѓу петте верски заедници.

4.1.3 Како што видовме погоре во делот за градење на капацитети, се покренаа нови прашања поврзани со нивото на комуникација. На нив треба да се обрне внимание како што програмата оди напред. Со цел да поставаат реалистични цели, учесниците треба да одлучат дали сегашниот приоритет на програмата е со факултетите, или пошироко со верските организации.

4.1.4 Не е место, тимот за евалуација да дава препораки по ова прашање, посебно после толку краток период на истражување на терен. Сепак има индикации дека програмата може да има успешни излезни резултати доколку се ограничи себеси на остварлива сама по себе, да речеме, 2 годишна временска рамка. Ова не значи дека широката комуникација со верските организации не е вредна цел. Само тоа е многу поголема тема што може да биде адресирана од страна на различни, подолгорочни програми.

4.1.5 Тимот за евалуација смета дека би можел да даде појасна препорака во однос на прашањето за раководење со верските организации, зашто слабостите овде имаат и ќе продолжат да имат директно влијание на имплементацијата на програмата и оддржливоста на било кое ниво:

***Препорака***

Менаџерскиот аспект на верските организации треба да биде зајакнат имајќи во предвид дека на среден рок, треба да се изврши непречена транзиција на програското лидерство.

***Многу пилот активности***

4.2.1 Голем број на практични активности може да бидат добар начин за испробување на нови програми. Секако, ваквата стратегија има своја цена. Програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија започна со задоцнување, во октомври 2003, со ангажирањето на МЦМС Соработник на проекти, исто така многу време беше потрошено за поставување на структурите и работниот кадар на факултетите. Ова остави малку време за имплементирање на голем број на активности преку релативно новите структури. Како резултат на ова, имплементацијата беше избрзана и некомплетна. Тимот за евалуација се согласуа со МЦМС дека од 17 планирани активности, беа имплементирани сите со исклучок на една. Ова е добар успех, но со подетална анализа се забележува дека 11 активности беа целосно имплементирани, додека останатите 5 беа само делумно спроведени – дали со недостаток на средства или едноставно со малку време.[4]

Со ова беше ставен притисок на раководните системи – посебно на Соработниците на проекти и односите помеѓу нив. Во суштина, МЦМС Соработниците на проекти функционираат во рамките на професионална НВО што би се вклопила добро во главен град на било која ЕУ земја. Наспроти тоа, верските организации, вклучително и образовните естаблишменти, работат според различни раководни критериуми за кои ќе бидат потребни многу години за да се модернизираат. Овие разлики во организациската култура треба да бидат земени во предвид затоа што тие создаваат тензии. Во однос на “многу проектни активности” методот би ги дале следниве препораки:

***Препораки***

Да се рационализира и регрупира портфолиото на продукти во интерес на непречена имплементација, намалувајќи го бројот каде е тоа потребно.

[4] Целосно имплементирани: А1, А3, А4, А6, Б3, Б4, Б5, Ц2, Ц3, Ц4 Ц5
Делумно имплементирани: А2, Б1, Б2, Б6, Ц1
Одложени: А5

Да се распределат одговорностите соодветно помеѓу МЦМС и факултетите, на пример, факултетите да имаат водечка улога во спроведувањето на активностите за изложување и информирање, а МЦМС во градење на капацитети.

Да се настојува да се воспостави и оддржува колегијален однос помеѓу Соработниците на проекти на МЦМС и на факултетите, со меѓусебна почит и разбирање за нивната организациска култура.

***Учество преку управувачките тела***

Програмата е управувана од страна на две тела. Првото е Управувачката група со еден претставник од секој од 5-те најголеми религии, Деканите на двата Теолошки факултети, член од МЦМС и 2 меѓународни партнери. Второто тело е Издавачкиот совет, со претставник од петте верски заедници и од МЦМС. Учеството во овие тела дава единствена можност за претставниците од верските заедници да практицираат заедничко донесување на одлуки. Работата на управувачките тела претставува значаен дел од програмта. Со евалуацијата беа идентификувани следниве прашања што треба да бидат адресирани.

Претставување. Постојат 25 верски организации во Македонија. Само 5 од нив се репрезентирани во управувачките тела. Од овие 5, интересите на двете најголеми верски заедници ја утврдуваат агенадата. Останатите се чувствуваат исклучени и јасно го кажуваат тоа. Присуството на МЦМС на Управувачката група е генерално добредојдено за да осигура дека на сите ќе им биде обрнато внимение. Ова прашање е важно затоа што незадоволството во една група, колку и да е мала, може да влијае на сите. Адвентистите, на пример, успешно го предизвикаа Законот за верски заедници и религиозни групи (1997) пред уставниот суд. Како резултат на тоа, не постои закон во моментов.

Управувачката група е внимателна во демонстрирање на амбициозни визии, како што е воспоставување на постојани тела што ќе ја водат програмата. Ова може да биде проблематично за излезната стратегија на МЦМС, зашто не постои интер-верска структура на кои би можело да се предаде лидерството. Меѓутоа, во вакви услови навистина треба да се биде внимателен. Програмата е експериментална и досегашните достигнувања може да бидат загрозени со настојувања да се оди пребрзо. Тоа што сакам да кажам е дека тешката медијаторска улога на МЦМС е сеуште потребна. Меѓутоа постои опасност од преголема зависност од МЦМС.

Ограничен простор за стратешка дискусија. Состаноците на управувачките тела се строго насочени на програмата и нејзината имплементација. Предноста од таков практичен фокус е тоа што останува малку простор за спорни дебати околу разликите во политиката на работа. Недостатокот лежи во тоа што тесната агенда остава малку простор за претставниците на верските заедници да развиваат свои сопствени методи. Постои перцепција во некои делови дека професионалните и световните методи на МЦМС не секогаш се совпаѓаат со вредностите на верските заедници.

Се поставува прашање исто така во врска со поделбата и контролата на проектните ресурси што треба да биде ставено на дискусија на ниво на Управувачката група. Најмалку еден член чувствува дека МЦМС зема преголем дел од грантот. Ова се поставува како прашање, иако во верските заедници сеуште нема индикации за присутво на раководен капацитет кој би можел да преземе и спроведува така комплексна и деликатна програма. Сепак, овие мислења треба да бидат земени во предвид и Управувачката група треба да идентификува области каде верските заедници имаат развиени организациски капацитети и каде би можеле да ги демонстрираат.

***Препораки во однос на Управувачките тела***

Управувачката група треба да разгледа средства за зајакнување на учеството на помалите верски групи во програмта без да создава преголемо тело. Како алтернативно членство на суб-групи може да овозможи пошироко учество, на пример во подготовката на нов закон за религиите и религиозните групи.

Треба да се покрене дискусија за можни нови структури и продукти за да се земе во предвид ентузијазмот на младите луѓе, посебно во ѓаконска работа.
Постои потреба за континуирана посредничка улога на МЦМС во раководењето со програмата, но МЦМС треба да преземе соодветни чекори за унапредување на капацитетите и оспособување на Управувачката група.

Управувачката група треба повторно да направи за себе оценка на досегашните излезни резултати од програмата и да развие стратешки цели за зајакнување на меѓу-верска соработка и разбирање во среднорочна и долгорочна перспектива.

## 5. Оценка на Резултатите

Генералната цел на програмата е да ја зголеми меѓусебната доверба и разбирање помеѓу различите религии и етнички групи. Програмата направи добар старт во тој правец, со фокусирање на доста значајана но често занемарувана целна група; студентите на теолошките факултети кои ќе бидат свештеници, активисти и членови на верските заедници кои во иднина ќе го оформуваат мислењето, како и верскиот и академски кадар кој нив ги обучува. Стекнувањето на доверба од страна на овие факултети и нивните млади луѓе е голем успех кој треба дабиде консолидиран и надоградуван.

Премногу е рано да се зборува за оддржливоста на новите структури воспоствени на факултетите. Тие ќе треба внимателно да бидат оддржувани, како од страна на верските заедници така и од МЦМС.

Не постои доволно податоци дали програмата веќе имала некаков ефект врз пошироката целна група, членовите и активистите на верските заедници во Македонија. Можеби тоа е премногу амбициозно во рамките на програмата, која веројатно ќе треба да си постави јасни приоритети во втората фаза и да разбере дека дофатот до пошироката целна група е догорочен предизвик.

Најважниот резултат од програмата е тоа што систематски воведува дијалог во рамките на институциите на двете најголеми верски заедници во Македонија. Беше демонстрирано дека постои добра волја врз која може да се надоградуваат пошироки амбиции за толеранција и соживот. Програмата има предвидено активности околку кои се покажува и се развива добрата волја Понатаму беше организиран форум каде претставниците од петте верски заедници можат редовно да се сретнуваат за да прават планови и да спроведуваат заеднички активности. Со овој форум се поставува важен преседан на верска соработка во Македонија и регионот.

## 6. Заклучоци

Врз основа на податоците прегледани погоре и во текот на евалуацијата, можеме да го заключиме следново во однос на програмата:

Овој пилот проект е релевантен

- Во комплексниот процес на градење на мир во Македонија, етничкиот идентитет е главен елемент и во голема мерка зависи од традиционалната верска деноминација.

- Религијата може да биде позитивна сила за намалување на тензиите на Балканот. Од друга страна, таа може да доведе до поделби во општетсвото.
- Верските заедници претставуваат важен, но запоставен дел од македонското граѓанско општество што е во голема мера секуларно во својата ориентација и вредности.

Во овој временски период:
- Имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор е често контроверзно прашање, и прописите за децентрализација може да ги завртат заедниците една против друга.
- Религиозната активност во Македонија повторно заживува. Ова се однесува на низа различни групи надвор од рамките на традиционалните религии.
- Верските заедници во Македонија не се дискредитирани кај населението поради сервилност на политички каузи.

Иновативен аспект на програмта:
- Досега не постоеле систематски обиди за приближување на верските заедници за да се намалат тензиите и да се спречи конфликтот.
- Претходните обиди за намалување на тензиите преку приближување на верските лидери не беа успешни.
- Како алтернативно решение на преговорите на високо ниво, овој проект е насочен кон пониските слоеви на верските заедници.

Програмата е ефективна и демонстрира дека:
- Разбирањето за другите религиии гради меѓусебна почит и толеранција, посебно помеѓу теолозите и младите девојки и момчиња студенти.
- Оваа целна група е ефективна замена за контактите на високо ниво, кои се подложни на непредвидливи политички фактори.
- Процесите и механизмите за зајакнување на граѓанското општество (структурно учество и дијалог) како што се практицираат од страна на МЦМС би можеле да бидат адаптирани со цел медијација и градење на консензус помеѓу различни цркви.

Ефикасност
- По својата природа и контекст интервенцијата е посебно комплексна. Се покажа дека може да се адаптира на дадените услови и да остане завртена кон предвидената задача.
- Во ова, програмата е помогната со професионалната и логичка формулација.
- Постои цврста структура на имплементација, вклучително управувачките и извршните тела. Управувачките структури се покажаа посебно корисни.
- Постои консензус кај целната група дека МЦМС ефикасно и ефективно го имплементира проектот. Кај актерите на македонското граѓанско општество постои јасна свест за потенцијалите и ограничувањата во однос на учеството на верските организации во граѓанското општество.

Прилог 1: Опис на Надлежности

# МИСИЈА
## За Надворешна Евалуација на Програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија (ПРМ) Опис на Надлежности (нацрт)

**1. ВОВЕД**

**1.1. Историјат**

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е невладина организација, активна во одржливиот развој, градењето на свест и социо-хуманитарна помош. Беше основана во 1993.

Генералната цел на МЦМС е поддршка и развој на локалните и националните иницијативи за одржлив развој на човечките ресурси во Македонија и во странство. Стратешките цели на МЦМС се: промоција на мирот, развој на граѓанското општетсво, помош за оние на кои им е потребна.

МЦМС работи во следниве сектори: граѓанско општество и демократизација; рурален развој, водоснабдување и санитација; образование; вработување и генерирање на приходи, итна помош. МЦМС ги спроведува овие активности со помош на: финансиска поддршка (грантови) за секој проект, обуки и советувања; информации и застапување.

МЦМС мобилизира и организира фондови, капитални добра и човечки ресурси во земјата и странство за остварување на сопствените цели. МЦМС обезбедува финансиски средства за своите активности од бројни агенции поврзани со Светскиот Совет на Црквите (воспоставен како Конзорциум за Македонија) и други владини и невладини организации.

Во своите настојувања да придонесе кон промоција и развој на демократското и граѓанско општество во Македонија, МЦМС ја подготви пилот-програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија (ПРМ) 2003-2004.

Целта на програмата е да се зголеми меѓусебното разбирање помеѓу верските заедници и разбирањето за нив кај македонската јавност.

Целна група е генералната јавност во Македонија, зашто некои од излезните продукти се наменети за поширокото население. Сепак, специфичните целни групи се членовите и активистите на верските заедници, со фокус на нивните образовни институции (теолошките средни училишта и факултети) како директни корисници.

Со цел постигнување на програмските цели, беа имплементирани три типа на активности:

а) изложување: 5 размени на посети на образовните институции, со вкупно 150 учесници; 5 посети на верски објекти и служби, со околу 100 учесници; 8 размени на предавања со проценети околу 150 студенти присутни на предавањата; 4 студенти на студиски патувања во странство; 17 учесници на меѓу-верскиот летен камп;

б) градење на капацитети: семинар за меѓу-верски дијалог со околу 50 учесници; РПЦ и ИР/ОЈ обуки со вкупно 30 учесници; обуки за основни вештини (англиски јазик и компјутери) во кои учествуваат 48 претставници од верските заедници; беше оддржана една работилница за Исламската верска заедница.

в) информирање: публикување на 4 броја од Билтенот за меѓу-верска соработка; подготовка на Адресар на верските заедници (да биде издаден до крајот на ноември); печатење на 8 различни видови на џебни, ѕидни и столни календари; подготовка на 3 компаративни студии; воспоставување на меѓу-верски инфо-дијалог центар.

До крајот на програмата (декември 2004), се планира уште еден голем настан – Денови на верските заедници, додека само една од вкупно 16 различни видови на

активности во оваа пилот фаза нема да биде имплементирана – посета на позитивен пример во странство.

### 1.2 Историјат на евалуацијата

Програмата – Меѓурелигиска соработка во Македонија во моментов е при крај на својата имплементација. МЦМС испланира финална евалуација што ќе овозможи објективен поглед на искуствата и достигнувањата стекнати во оваа пилот програма. Научените лекции од оваа програма ќе бидат употребени за планирање, дизајнирање и имплементација на идните програми.

## 2. Генрални Цели на Евалуацијата

Генералната цел на евалуацијата е да придонесе кон подобрување на пристапот на МЦМС и активности насочени кон градење на капацитети на партнерите во македонското општество и да даде правец за понатамошните активности на МЦМС.

## 3. Цел на Евалуацијата

Целта на евалуацијата е да се анализираат силните аспекти, слабостите, можностите и заканите на програмата и да даде препораки за понатамошни активности.

## 4. Резултати од Евалуацијата

Евалуацијата ќе резултира во преглед на програмските излезни продукти, користените методологии и програмските резултати во смисла на капацитетите на пратнерите и оддржливост на активностите.

Евалуацијата треба да даде препораки за идните програми, да се земат во предвид силните апсекти и слабостите, како и научените лекции од оваа програма.

### 4.1 Главни моменти и прашања

Евалуацијата треба да биде фокусирана на следниве главни прашања и моменти:

- Програмски излезни продукти: палета на продукти (квантитет и квалитет); перформансот на вклучениот работен кадар (како во МЦМС и во рамките на партенрските организации);
- Методологии користени: во активностите, раководењето и координацијата на програмата (работа на Управувачкиот комитет и Уредувачкиот одбор;
- Програмски резултати (директни ефекти, развиени капацитети и оддржливост на партнерите и програмските активности).

### 4.2. Главни Критериуми за Евалуација

Главни критериуми за евалуација се: релевантност, ефективност и оддржливост.

Релевантноста ќе биде земена во предвид за да се испита дали проектите се смеатаат за корисен и вреден придонес, од перспектива на корисниците.

Ефективноста ќе биде насочена кон испитување на достигнувањата и ефектите во споредба со планираните и очекуваните резултати и цели.

Одржливоста треба да испита дали позитивните ефекти од интервенцијата ќе бидат видливи и после завршувањето на програмата.

### 4.3. Известување

Надворешните евалуатори ќе ги обезбедат следниве работи:

| Опис | Кога |
|---|---|
| Меморандуам за евалуација | Пред да се вратат од теренското патување |
| Нацрт извештај од евалуацијата | Две недели после завршувањето на мисијата |
| Конечен извештај | Една недела после доставувањето на забелешките на нацрт извештајот |

Извештајот ќе биде подготвен во пет копии на англиски и во електронски формат.

Извештајот ќе содржи максимум 15 страни, не вклучувајќи ги анексите, меѓутоа вклучувајќи 2-3 страни извадок од главните заклучоци и препораки, што ќе биде ставен на почетокот на извештајот.

Извештајот ќе биде структуиран според стандардниот формат на МЦМС што ќе биде даден на оценувачот. Главниот дел од извештајот треба да биде подготвен според целите и прашањата од посебен интерес.

Препораките треба да бидат што е можно подетални кога е тоа можно.

## 5. Пристап

Надворешниот евалуатор треба да ги употреби следниве инструменти:

- Анализа на контекстот/амбиентот;
- Анализа на документацијата, квантитативни и квалитативни информации;
- Интервју со програмскиот тим во и надвор од МЦМС;
- Интервју со партнерските организации и други организации што работат во истото поле:
  - членови на Управувачкиот комитет;
  - Декани на Теолошките факултети;
  - Проект офицери на факултетите, како и студентите;
  - Претставници од помалите верски заедници;
  - Хелсиншки комитет за Човекови права, итн.

## 6. Организација

### Тим за Евалуација

Мисијата ќе биде спроведена од страна на тројца членови на тимот: странски надворешен евалуатор (лидер на тимот), вработен од МЦМС (што не е поврзан со програмата) и еден локален асистент. Лидерот на тимот треба да има подолга експертиза во оваа област и да има работено на мисии во Источна Европа. МЦМС ќе го избере лидерот на тимот, врз основа на искуството и мисиите наведени во кратката биографија кандидатите.

### 6.2. Врменски период (денови)

| Фаза | Лидер на тимот | Претсавник од МЦМС | Асистент | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Теренска посета | 6 | 5 | 5 | 16 |
| Известување | 1 | 1 | 1 | 3 |
| **Вкупно** | **8** | **7** | **7** | **22** |

- дел од известувањето е планирано да се одржи во текот на теренската посета (што исто така вклучува патување).

Мисијата се планира да биде реализирана во декември 2004.

## 7. Услуги што ќе бидат обезбедени од МЦМС

МЦМС ќе ги обезбеду следниве услови и човечки ресурси:

а) човечки ресурси
- програмски координатор и член на тимот – на располагање во текот на целата мисија
- друг работен кадар вклучен во програмата – со неполно работно време

б) логистика
- превод (македонско-англиски и обратно);
- канцеларии, компјутери (Ворд, Ексцел) принтери, копи машини, ДТП;
- транспорт – возила од МЦМС ако се потребни.

в) финансии
- сместување и храна – обезбедени од МЦМС во текот на целта посета;
- авионска карта;
- наплата 50%, 15 дена после склучувањето на договорот, и другите 50%,

15 дена откако ќе биде доставен извештајот од евалуацијата.

**7. Библиографија и документација**

Сите документи од архивата ќе бидат на располагање за мисијата, вклучително:

- Програмски документ
- Записници од состаноците на Управувачкиот комитет и Уредувачкиот одбор;
- Извештаи од мониторингот на активностите.

АКр/АКр
Бр. 10-565/1-2004
Скопје, 29.11.2004

Сашо Клековски
Извршен Директор

Прилог 2. Листа на Интервјуирани лица

Прота Драги Костадиновски - (МПЦ)
Ратомир Гроздановски - (МПЦ)
Јован Белчовски – (декан на БФ)
Јован Таковски, - (БФ)
Јакуп Селимовски - (ИВЗ)
Марјан Ристов - (КЦ)
Здравко Шами, (претсдател на ЕЗРМ)
Михаил Цехов, (пастор – ЕМЦ)
Виктор Мизрахи, (ЕЗРМ)
Хазан Ави Козма, (ЕЗРМ)
Спасе Спасов, (КЦ)
Александар Кржаловски, Координатор на програма, МЦМС
Дервиша Хаџиќ, Соработничка на проекти, МЦМС
Миодраг Колиќ, Соработник на проекти, МЦМС
Дејан Димитријевски, Соработник на проекти, (БФ)
Ирсал Јакупи, Соработник на проекти, ФИН
Сузана Трајкова (БФ), Нуртен Назим – (ФИН), Анета Јовковска (БФ), Миневер Лутвиојава (ФИН), Виолета Спасова (КЦ), Милица Попризова (ЕМЦ) - вработени во меѓурелигискиот инфо и дијалог центар.

Прилог 3. Денови на Верските Заедници: Прашалник за посетителите

# ДЕНОВИ НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ
## Прашалник за посетителите на манифестацијата

1. **Што значи за Вас Соработка помеѓу религиите?**

- Меѓусебно запознавање
- Начин на запознавање со заедничките учења.
- Еднаквост
- Дијалог за верско образование
- Промовирање на позитивните и етичките вредности од секоја религија
- Запознавање и зближување и соработка во многу конкретни проекти до одредено ниво.
- Добар почеток за соживот. Запознавајќи ја нивната вера во Бога, доаѓаш до заклучок дека сите сме еднакви во Бога и дека таа љубов Божја бдее и не поврзува.
- Пред се можност да се претстават пред јавноста со своите ставови, гледишта, сваќања, најдобро од компаративен тип.
- За мене има значење соработката помеѓу луѓето, а не може да соработуваат оние кои имаат различно учење.
- Не сум запознен.
- Незнам.
- Разговор, толеранција
- Отворен дијалог, меѓусебна почит, заеднички стремеж за заеднички цели
- Многу ми значи
- Меѓусебно запознавање на верските задници и разноврсноста на нивните учења
- Дијалог и отворена комуникација во која личните (честопати спротивставени) ставови се оставаат по страна.
- Ништо, бидејќи можат да соработуваат луѓето и верските заедници, а не самите религии. Последното потсетува на вавилонската ерес на екуменизмот.

**2. Зошто е важно да се промовира дијалогот помеѓу религиите во Македонија?**

- Меѓусебно разбирање
- Еден од можните начини за развивање на соживотот
- За развивање на соживот, морал и етика и за подобар живот на луѓето.
- За соживот
- Подобро запознавање на еден со друг, реализирање на заеднички проекти, заедничка работа на промовирање на доброто во општеството
- Можеби поради предрасуди и стреотипни размислувања за другиот.
- Важно е да се спознаеме себе си во светлината на Бога. Тоа е за жал долготраен процес.
- За верниците да се запознаат со различните убедувања на религиите.
- За да се запознаат и да ги најдат точките на соработка.
- За да не настане меѓусебна омраза
- Не знам
- За да се пронајде толеранција и еднаквост
- Сите верски заедници вршат иста служба, да ги упатат верниците во духовен развој…
- Нема потреба да се делат кога сите всушност истото го прават
- За иднината на човештвото
- Поради можноста за градење на добра основа за подобро совладување на меѓурелигиските односи и развивање на единство и љубов помеѓу сите нас.
- Тенденцијата на (не) познавање го исклучува поединецот од одредена религија и го фрустрира.
- Ако се мисли на дијалог меѓу верските заедници, заради намалување на предрасудите и поголемо меѓусебно разбирање

**3. Кој е најдобриот начин за промовирање на толеранцијата и разбирањето помеѓу верските заедници?**

| | |
|---|---|
| а) со верските лидери | 6 |
| б) со локалните свештени лица | 6 |
| ц) со локалните верски активисти и волонтери | 3 |
| д) со студентите по теологија | 2 |
| е) со општата јавност | 9 |
| ф) друго | 2 |

**Објаснете зошто го исбравте овој одговор како приоритет ...**

- Нема приоритет затоа што сите зедно треба да придонесат кон промовирањето на толеранцијата и дијалогот
- Како најсоодветен начин за приближување на заедничкото учење и идеи кон сите
- Симнување на соработката на пониско ниво помеѓу верниците
- Секој кога би поверувал искрено во Бога не би имало проблем со толеранцијата и разбирањето на другиот
- Сложен процес кој опфаќа соработка како на повисоко ниво така и широките кругови на црквите
- Помалку луѓе полесно ќе се договорат
- Зошто на тој начин најдобро би се изразила толеранцијата и разбирањето
- Најмногу се разбираат
- Тие го претставуваат ставот на верниците
- Не може само еден фактор да биде одговорен за промоција на толеранцијата. Мораат сите да учествуваат
- Поблиску се до народот
- Се дава демократија и луѓето-јавноста одлучуваат, а тие се вистинските кои треба да промовираат толеранција и разбирање

- Во дијалогот треба да учевствуваат наведените лица затоа што со тоа ќе бидат опфатени повеќето сегменти од општествената заедница
- Бидејќи јавноста е подложна на предрасуди и разни пропагандни манипулации

**4. Според Ваше видување, која беше најмногу успешна и најмалку успешна активност во програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија?**

**Најмногу успешна ...**

- Дебатата за законот
- Дискусијата за веронаука
- Панел дискусиите на двете теми
- Законот за верски заедници
- Адресарот
- Воглавно одиме во нагорна линија
- Адресарот и дискусијата за законот
- МПЦ
- Православна
- Панел дискусијата за новиот закон за верски заедници
- Не присуствував на форумите, но сметам дека сите штандови се добро подготвени и презентирани
- Меѓурелигискиот камп
- Штандовите (изложбата)

**Најмалку успешна ........**

- Бојкотот на МПЦ
- Отворањето
- Отворањето
- Недоразбирањето меѓу МПЦ и присуството на Јован
- Сметам дека деновите не беа погодно избрани па посетеноста на претставувањето беше исклучително мала. Подобро беше минатата година кога беше организирано заедно со невладините организации во саемските хали
- Времето, местото, рекламата (Црква на адвентистите на седмиот ден)
- Реакцијата на МПЦ
- Не ми се допадна екцесот со Зоран/Јован
- Слабо известување-реклама за саемот на верски заедници
- Деновите, местото и слабата реклама
- Форумските расправи

| Религиска припадност на учесниците | | |
|---|---|---|
| МПЦ | ЕМЦ | Хриситјанин |
| 7 | 2 | 9 |

| Етничка припадност на учесниците | |
|---|---|
| Македонец/ка | Ром/ка |
| 17 | 1 |

| Полова структура на учесниците | |
|---|---|
| Маж | Жена |
| 11 | 7 |

Табела 1 Анализа на Активностите и резултатите: Изложување (Експозиција)

| А. Размена на искуства и меѓу-верски дијалог, преку образовен пристап | | | |
|---|---|---|---|
| ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ | ИЗЛЕЗНИ ПРОДУКТИ: | ИЗЛЕЗНИ РЕЗУТАТИ: | КОМЕНТАРИ |
| А.А Размена на Предавачи<br><br>Месеци на имплементација 1,2,6,8 | Започнато како размена на предавања помеѓу 2 факултета.<br><br>Со оглед на прогресот, Управувачкиот Комитет ја прошири активноста на Еврејската заедница.<br><br>Предавач од Еврејската заедница го посети Богословскиот факултет, а се очекува да го посети и Факултетот за исламски науки . | Во 2005, Католичката и Евангелско-методистичката црква исто така ќе оддржат<br>предавања на овие два факултети<br><br>Пристапот до експерти го зголемува знаењето и помага да се отфрлаат предрасудите<br><br>Од 2004, Богословскиот факултет отвори компаративни студии | Успехот е гарантиран со учеството на Деканите на двата факултети |
| А.2 Размена на студенти<br><br>Имплементацијата ќе започне во месец 1 и ќе биде спроведувана секој месец во текот на целиот проектен циклус. | 5 разменски посети се реализирани кои ги вклучуваат средните училишта и двата Теолошки факултета<br><br>Соработниците на проекти воведоа мониторинг прашалници | Посебно популарно со Исламската заедница. Но и факултетите и училишта се посетуваат меѓусебно и воспоставуваат позитивни релации. | Имаше двоумење кај студентите да се регистрираат за посети и да се идентификуваат на мониторинг формуларите.<br><br>Постои некаков отпор да се институционализираат размените (неформалност е преферирnaн начин – но тешко е да се набљудуваат резултатите и да се оддржува) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| А.3 Посети на верски објекти и служби<br><br>Месеци на имплементација 1, 5, 7, 10, 12 | | Ова е главното средство за надминување на стереотипите, според МЦМС Соработникот на проекти<br><br>Отворено за факултетите, за 5 религии и јавноста | Ова беше активност за која имаше страв кај МЦМС поради осетливоста (на пр. Православната црква не дозволуваше присуство На нејзините служби)<br><br>Оценките покажуваат дека посетите беа високо вреднувани од учесниците |
| А.4 Летни кампови<br><br>Месец на подготовка 3<br><br>Месец на имплементација 4 | Се оддржа 5 дена во јули во Струга, блиску Охрид. 22 учесника од 3 верски заедници и неколку помали в.заедници.<br><br>Вклучени 3 предавачи: Православна, Исламска и Евангелско-методистичка | Се совпаднаа со многу други верски летни кампови, така на пример од Католичка црква беа премногу зафатени да дојдат и да оддржат предавање | Подобра координација со другите кампови и можна размена на посети помеѓу нив |
| А.5 Посета на позитивни примери<br><br>Месец на подготовка 3<br><br>Месец на имплементација 4 | Одложени за 2005<br><br>Во Северна Ирска | | |
| А.6 Денови на верските заедници<br><br>Месец на подготовка 5<br><br>Месец на имплементација 6 | Во 2003, беше комбинирано со НВО Саем | Една од многуте активности во кои помалите верски групи можат да земат учество<br><br>Тие преферираат да се искомбинира со НВО Саемот | Отпадниците од Православната црква влијаеја врз успехот на проектот но самиот проект нема моќ на делување врз конкретната ситуација |

# Табела 2 Анализа на активностите и резултатите: Градење на капацитети

| Б. Зајакнати капацитети за ѓаконска и социо-хуманитарн работа | | | |
|---|---|---|---|
| ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ | ИЗЛЕЗНИ ПРОДУКТИ: | ИЗЛЕЗНИ РЕЗУЛТАТИ: | КОМЕНТАРИ |
| Б.1 Техничка поддршка<br><br>Месец на имплементација 2<br><br>- Опремена и започна со работа на посебна канцеларија за секој факултет<br><br>- Назначен Соработник на проекти<br><br>- Мал фонд од 10 компјутери за дистрибуција повикот за понуди | 2 канцеларии опремени – проблеми со комуникацијата<br><br>2 Соработници на проекти вработени<br><br>Не е имплементирано<br><br>Мал буџет | Соработниците на проекти на факултетите имаат релативно мал маневарски простор. Тие работат во рамките на строги хиерархии.<br><br>Сомнежи дали факултетите се правото место за градење на капацитети за ѓаконска работа нивните контакти се ограничени и се повторуваат со други (Ел Хилал, Милосрдие) | Потреба за повеќе и подобри контакти помеѓу МЦМС и Соработниците на проекти на факултетите<br><br>Долгорочно решение за подобрување на креативноста на Соработникот на проекти е подобрен менаџмент на верските организаци<br><br>Потенцијалните бенефити за малите врски групи беа изгубени со неспроведувањењето на имплементацијата |
| Б.2 Меѓу-верски дијалог<br><br>Обука<br><br>Месец на подготовка 2<br><br>Месец на имплементација 3<br><br>- 3-дневен семинар од Данскиот Христијанско-Муслимански Центар<br><br>- 3-дневен семинар за историски/раскрсници на | Еднодневен настан поделен помеѓу двата факултети<br><br>Не е започнат | Малку треба да се очекува од така мал инпут. | Слабиот интерес кажува дека оваа активност треба да се отфрли во интерес на намалување на палетата на продукти<br><br>Наместо тоа да се размисли за комбинирање со А1 ако и кога факултетите ќе ги развијат своите курсеви во оваа област |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Христијанството и Исламот | | | |
| Б.3 РПЦ и ИР/ОЈ<br><br>Обука<br><br>Месеци на подготовка 3,5<br><br>Месеци на имплементација 4,6 | 17 учесници во РПЦ курсот во Крушево во 2004<br><br>3 дневен ИР/ОЈ курс оддржан во Скопје | Учесниците го ценат зашто се стекнуваат со корисни вештини за пишување на проекти<br><br>Соработниците на проекти известуваат дека 3 учесника подготвиле стратешки планови за нивната ѓаконска работа.<br><br>Несигурност дали зеле учество вистинските кандидати | Потешкотиите во регрутирањето на кандидати за обука укажува дека е потребна реклама кај верските организации<br><br>Да се размисли за субвенции за кандидатите за да ја следат отворената обука на МЦМС – кандидати од верските заедници би имале корист од средби со НВО колеги<br><br>Подобрено утврдување на корисниците |
| Б.4 Обука за Основни Вештини<br><br>Имплементацијата започна во месец 2 и е спроведувана во текот на времетраењето на проектот<br><br>- 60 студенти од двата факултети ги следат курсеви по англиски јазик и компјутери | Беа формирани мешани групи од студенти и активисти од верски заедници и сега го завршуваат својот втор семестер | Напредна обука за Power Point за Соработниците на проекти на факултетите за да можат да го уредуваат Билтенот | Разгледано вистинското ниво за повеќето верски заедници<br><br>Има дуплирање со слични шеми овозможени од ѓаконски услуги |
| Б.5 Студиска посета<br><br>Месец на подготовка 2<br><br>Месец на имплементација 3 | 3-месечен курс во Тантур е следен два претставника (предавач и ѓакон) од МПЦ.<br><br>Истиот предавач и еден дипломец го посетија | Предавачот ќе работи на новите компаративни студии на Богословскиот факултет | Ограничена целна група: прашања околу еднаквата дистрибуција на проектните ресурси; но Православната заедница нема други можности за студиски посети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -2 стипендии годишно | центарот на Светскиот Совет на Црквите Босеј, Швајцарија | | |
| Б.6 Работилници, Семинари<br><br>Месец на подготовка 1<br><br>Месец на имплементација 2 и според тоа секој втор месец во текот на проектот<br><br>- 1 x 3 дневен семинар Години 1 и 2<br><br>-2 x 3 дневна подготвителна работилница | Само 1 работилница за реформите во Исламското образование<br><br>Семинар за Законот за религии комбиниран со Деновите на верските заедници | | Пологично припаќа со А1 |

# Табела 3 – Анализа на активностите и резултатите: информации

| В. Поголема достапност на информации за верските заедници во јавноста | | | |
|---|---|---|---|
| ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ | ИЗЛЕЗНИ ПРОДУКТИ: | ИЗЛЕЗНИ РЕЗУЛТАТИ: | КОМЕНТАР |
| В.1 Билтен<br><br>Имплементација од месец 3<br><br>- 4 броја за година 1<br>- 6 броја за година 2 | 4 издадени<br><br>5-от број е одговорност на Соработниците на проекти на факултетите | Вклучува речник за да им помогне на луѓето да ги разберат меѓусебните религии<br><br>500 примероци на македонски јазик и 300 примероци на албански јазик се дистрибуирани | Ова е главното средство за ширење на информации на активистите на верските заедници<br><br>Главни автори се студентите<br><br>Малку одговори на прашалникот за мониторинг |
| В.2 Адресар<br><br>Месеци на подготовка 4 | Издаден на крајот на 2004 – големо достигнување | За прв пат, основните податоци и контакт информации за верските заедници се собрани и ставени на располагање на јавноста | Ги приближува религиите до начинот на работа практикуван во граѓанските организации |
| В.3 Верски календари<br><br>Месеци на подготовка 3<br>Месеци на имплементација 6<br>-10,000 џебни<br>1,000 постери<br>- 2,000 ѕидни постери | | Постер календарите и столните календари посебно успешни<br>Трудот вложен за подготовка на првите календари (дати, значење, пораким слики..), ќе може да биде искористена за второ издавање на календари наредната година | За прв пат беа вклучени сите верски празници во еден календар |
| В.4 Компаративни студии<br><br>Месеци на подготовка 4<br><br>- До 4 студии<br><br>Имплементација од месец 5 во текот на целиот проектен циклус | 1. 120 години од ЕМЦ во Македонија<br><br>2. 10-те Божји заповеди – МПЦ<br>3. Вовед во Јудаизмот | Публикуван на македонски јазик<br><br>Публикуван на македонски и албански јазик<br>Публикуван на македонски јазик | Исламски и Католички текстови ќе бидат издадени во 2005<br><br>Добро искористена активност – не доволно компаративна, барем во индивидуална смисла |
| В.5 Информативна канцеларија и Дијалог центар | 1 дипломец од | | Потребен е голем напор за да почне да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Месеци на подготовка 5<br><br>Месеци на имплементација од месец 6 и во текот на наредните 18 месеци | Богословскиот факултет и 1 студент од Исламскиот факултет се вработени во центарот.<br><br>Уште 5 млади лица, претставници од 5 верски заедници работат по еден ден неделно | | функционира<br><br>Канцеларијата во моментов изгледа недоволно опремена<br><br>Голем потенцијален интерес<br><br>Потребно е охрабрување |

Извори:

- Апликација за грант, ЕАР Интер-етнички односи повик, Меѓурелигиска соработка во Македонија, Данска Црковна Помош (ДЦА) 2002
- Логичка рамка на проектот
- Интервју со Дервиша Хаџиќ, Миодраг Колиќ, Дејан Димитријевски, Ирсал Јакупи, Александар Кржаловски